Република Северна Македонија
Министерство за економија и труд

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Ekonomisë dhe Punës

*Одделение за стратешко планирање*
*Njësia e planifikimit strategjik*

# *СТРАТЕШКИ ПЛАН*
# *2025 – 2027 ГОДИНА*

***Февруари 2025***

Почитувани,
Стратешкиот план претставува комплексен и сеопфатен документ кој содржи, мерки и активности групирани во програми и потпрограми, кои се во функција на остварување на стратешките приоритети и цели на Министерството за економија и труд, а со тоа и на Владата на Република Северна Македонија.
Стретешкото планирање е алатка која има моќ, креираната визија да ја претвори во реалност. Оваа реалност преку стратешкото планирање веќе долги години успешно се спроведува во Министерството за економија и труд.
Со стартешкото планирање се овозможува реализација на приоритети, цели и активности, кои ќе придонесат за развиена функционална економија, која ќе продуцира нови работни места, поголема ефикасност, продуктивност и конкурентност на компаниите, зголемување на извозот и пораст на инвестициите, повисок животен стандард и подобар живот за сите граѓани на Република Северна Македонија.
Стретешкиот план на Министерството за економија и труд во наредните три години претставува рамка за на создавање на услови за развој на индустријата, на кластерингот, на вклучување на македонските компании во мрежата на глобални добавувачки ланци, креира мерки и активности за создавање на развиен претприемачки сектор, интеграција на националниот пазар во единствениот пазар на ЕУ, поддршка на работодавачите, креирање на мерки и политики за вработување, подобрување на пазарот на труд и заштита на работничките права  се со цел да се подобри деловното окружување.
Изминатите неколку години беа направени клучни реформи во делот на подобрување на бизнис климата во земјата, подобрување на условите за работа на странските, но и домашните компании, како и за подобрување на деловната клима за нови инвестиции.
Сите овие реформи се направени преку континуиран дијалог со бизнис заедницата, со деловните здруженија, но и сите државни институции кои се креатори и имплементатори на економските политики, со единиците на локалната самоуправа, академската заедница, но и граѓаните. Преку истиот дијалог веќе се зацртани и цели на кои активно ќе работиме и во наредниот период преку на нашите  програми, проекти, мерки и активности.
Кои се приоритетите на Министерството за економија и труд во наредниот период?
Со новата реорганизација главниот фокус на Министерството за економија и труд ќе биде засилена поддршка на индустријата, креирање мерки за микро, малите и средните компании, зголемување на конкурентноста на бизнисот, внатрешниот пазар, трговијата,  угостителството, како и поддршка на работодавачите, креирање на мерки и политики за вработување, подобрување на пазарот на труд и заштита на работничките права.
Создавање на поволна деловна клима за бизнис секторот, пред се преку поддршка на домашните претпријатија, со главен фокус на малите и средните претпријатија, отворање на нови работни места преку нови инвестиции, развој и подобрување на конкурентноста на македонската индустрија, поддршка на развојот на индустриско-преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност. Не, помалку од важно за Министерството за

економија и труд во наредниот период посебно откако Северна Македонија е членка во НАТО Алијансата и секако почетокот на преговорите со Европската унија, на располагање ќе ѝ бидат дел од претпристапните фондови од буџетот на ЕУ како и Структурните и кохезионите фондови, како значаен финансиски инструмент на регионалната политика на ЕУ.

Реализација на овие цели, кои се во согласност со утврдените стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија ќе придонесе за обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните.

***Министер за економија***
***Besar Durmishi***

## ВОВЕД

Стратешкиот план како среднорочен стратешки документ, тесно е поврзан со процесот на буџетско планирање и извршување за период од три години, претставува значаен инструмент на планирање и следење на спроведувањето на Програмите во надлежност на Министерството за економија и труд. Изготвен врз основа на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за период 2024-2028 година, Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија и Националната Програма за усвојување на правото на Европската Унија.

## МИСИЈА

Министерството за економија и труд работи на создавање на услови за развој на индустријата, на кластерингот и вклучување на македонските компании во мрежата на глобални добавувачки ланци, развиен претприемачки сектор, развој на угостителството, креирање и интеграција на единствен пазар во ЕУ, креирање на мерки и политики за вработување, подобрување на пазарот на труд и заштита на работничките права.

## ВИЗИЈА

Република Северна Македонија со развиена функционална економија, која ќе продуцира нови работни места, поголема ефикасност, продуктивност и конкурентност на компаниите, зголемување на извозот и пораст на инвестициите, повисок животен стандард и подобар живот за сите граѓани на Република Северна Македонија.

## ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД

Задачите и обврските на Министерството за економија и труд, согласно надлежностите утврдени со Закон се однесуваат на:

- Следењето на економските, структурните и техничко-технолошките состојби и предлагање мерки за остварување на развојната и тековната економска политика во областа на трговијата, преземањето мерки против монополската положба и монополското однесување, следењето на тековните материјални биланси и снабдувањето на граѓаните со основните прехранбени производи и други стоки за широка потрошувачка и на претпријатијата со суровини и репроматеријали, системот и политиката на цени на производи и услуги,
- Поттикнување на циркуларната економија и одржливоста на преработувачката индустрија;
- Креирање на мерки и политики за вработување, подобрување на пазарот на труд и заштита на работничките права.
- Предлагање на проактивна индустриска политика за зголемување на конкурентноста на индустриското производство и развој на одделни сектори од индустријата;
- Поттикнување на инвестициите преку подобрување на инвестиционата клима;

- Зголемување на регулацијата на внатрешниот пазар и ценовна либерализација, следење на движењата и состојбите на пазарот на стоки и услуги и влијанието на мерките на економската политика врз движењата на пазарот и односите на пазарот; снабдувањето на пазарот со прехранбени и други производи за широка потрошувачка , надзор над пазарот и заштита на потрошувачите и нивните права;
- Поттикнување на претприемништвото и развој на малите и средните претпријатија и занаетчиството;
- Развој на угостителството,
- Управен надзор и други управни работи утврдени со Закон;
- Координација на странска помош и Програмите на Заедницата (КОСМЕ),
- Координација и учество во работните групи во рамки на Кластерите, односно Поглавјата од Проговарачката рамка, како Институција носител на 7 Поглавја и воедно како Институција учесник во повеќе од 20 Поглавја,
- Програмирање, техничка имплементација и мониторинг на ИПА Проекти и координација на друга странска помош со цел поддршка на транзицијата и реформите во делот на преговарачките Поглавја кои се во надлежност на Министерство за економија и труд,
- Развој и поттикнување на општествена одговорност;

## СПЕЦИФИЧНОСТИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД

Министерството за економија и труд според надлежностите утврдени со Закон, по својата Мисија и утврдена Визија предлага и реализира програми и проекти кои се однесуваат на развојот на повеќе витални економски сегменти како што се индустријата, микро, малите и средни претпријатија, занаетчиство, претприемништвото, трговијата, внатрешниот пазар и заштитата на потрошувачите, угостителството активностите за европска интеграција и општествената одговорност, подобрување на пазарот на труд и заштита на работничките права. Со тоа е одредена специфичноста на Министерството за економија и труд за зголемено учество на хоризонтални програми и проекти во споредба со другите органи на државната управа. Хоризонталниот пристап истовремено е и интернационализиран. Тој треба да комуницира и со среднорочните стратегии на Европската унија, обезбедувајќи национален пристап. Тоа од друга страна ја истакнува потребата од постојано унапредување на интер и интра ресорска координација, соработка со бизнис заедницата, органите на локалната самоуправа, стопанските комори и научните институции.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД

**1.Поддршка и развој на мали и средни претпријатија**

- Поддршка на домашните претпријатија, пред сè на микро, малите и средните претпријатија (ММСП) и занаетчиите,
- Подобрување на деловното опкружување за раст на микро, малите и средни претпријатија (ММСП),
- Динамичен екосистем на претприемништво и иновации,
- Конкурентни ММСП како двигатели на инклузивниот економски раст.

**2.Развој и подобрување на конкурентноста на македонската индустрија, инвестициона политика и општествена одговорност**

- Поддршка на развој и подобрување на конкурентноста на македонската индустрија,
- Подобрена деловна клима за водење бизнис и зајакнат меѓуинститиционален дијалог во функција на креирањето на политиките, мерките и активностите за индустриската политика,
- Унапредување на вештини и знаењата на фирмите преку обуки за нови технологии, нови предизвици и барања на пазарот,
- Поддршка на преработувачката индустрија – развој на зелени индустии со воведување на концептот на циркуларна економија и одржливост,
- Поддршка на економијата преку развој, промоција и имплементација на инвестициска политика - Финансиска поддршка на инвестициите,
- Поддршка на зајакнување на извозна спремност и промоција на извоз,
- Поддршка на зајакнување на соработка академија и бизнис,
- Зајакнување на капацитетите на лабораториите за поефикасна поддршка на бизнис секторот,
- Унапредување на концептот и практиките за општествена одговорност.

**3.Развој на угостителството во Република Северна Македонија**

- Зголемување на бројот на домашни и странски туристи, раст на приходите од туризмот, со крајна цел зголемено учество на туризмот во вкупниот БДП на земјата,
- Унапредување на меѓународната и билатерална соработка во угостителството,
- Поддршка на туристичките дестинации и угостителските објекти надвор од туристичка сезона,
- Поддршка на угостителските објекти за подобрување на пристап за лица со хендикеп,

- Конкурентна бизнис клима за раст на бројот на мали и средни претпријатија и нови работни места од областа на угостителството,
- Натамошен развој на активниот туризам како потенцијал за силен локален економски развој,
- Изготвување на Национална стратегија за развој на угостителството 2025-2030 година,

**4. Креирање единствен внатрешен пазар**

- Унапредување на заштитата на потрошувачите со натамошна хаармонизација на Законот за заштита на потрошувачите;
- Ефикасно спроведување на правото во делот на заштита на потрошувачите;
- Постигнување на поголема едуцираност на потрошувачите за остварување на нивните права, запознавање на трговците со правата и обврските и начинот на заштита на економските интереси;
- Зголемување на довербата на потрошувачите према трговците на стоки и услуги;
- Правна заштита на потрошувачите при склучување на договори за потрошувачки кредити како потрошувач
- Усогласување на националното техничко законодавство од областа на возилата со техничкото законодавство за возилата на ЕУ за регулирање на внатрешниот пазар, согласно ЕУ регулативата

**5.Развивање ефективна внатрешна трговска политика**

- Создавање поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава,
- Креирање политики за внатрешната трговија, уредување на правилата и мерките за спречување наметнување нефер трговски практики кои отстапуваат од доброто трговско однесување, уредување на условите и начинот за вршење на внатрешната трговија, како и мерките за забрани и ограничување на вршење на трговијата, следење и анализа на движењето на прометот во трговијата на големо и во трговијата на мало, движењата, состојбите и појавите на пазарот на основните прехранбени производи, влијанието на мерките на економската политика врз движењата на пазарот и односите на пазарот, снабдувањето на пазарот со непрехранбени и прехранбени производи за широка потрошувачка, следење и анализа на движењето на цените на пазарот, и предлагање мерки за системски и други решенија.
- Зајакнување на процесот на планирање, подготвување и следење на реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) како основен стратешки програмски документ во процесот на усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската унија, во делот Право на основање и слобода на давање услуги.

**6.Пазар на трудот**

- Поттикнување на вработувањето преку создавање на пристојни работни места, креирање на политики согласно европските практики и развој на социјален дијалог и заштита на работничките права
- Зголемување на стапката на вработеност и намалување на невработеноста;
- Подобрување на правата на работниците преку усогласено трудово законодавство согласно ЕУ директивите и конвенциите на МОТ
- Фер, транспарентен и отворен социјален дијалог помеѓу бизнис заедницата и синдикатите
- Активација на ранливи групи на пазарот на трудот;
- Намалување на неформалната економија;
- Унапредување на систем за безбедност и здравје при работа и заштита на правата на работниците, како и зголемување на капацитетите за нивна имплементација

## ОСВРТ НА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2023/2024 ГОДИНА

### 1. ПОДОБРУВАЊЕ НА ДЕЛОВНАТА КЛИМА И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА

**Поддршка и развој на мали и средни претпријатија:**

Во 2023 година реализирани се следните мерки од Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на малите и средни претпријатија за 2023 година:

- ✓ Финансиска поддршка за микро, мали и средни претпријатија (пристигнати се 118 апликации, субвенционирани се 79 претпријатија со средства во износ од 19.833.724 денари),
- ✓ Субвенционирање на трошоци на занаетчии (пристигнати се 40 апликации, субвенционирани се 31 занаетчии со средства во износ од 2.051.747 денари),
- ✓ Финансиска поддршка за женско претприемништво за дигитализација на деловни процеси (пристигнати се 6 апликации, субвенционирано е 1 претпријатие со средства во износ од 156.040 денари),
- ✓ Поддршка и развој на интернационализација на МСП - со Одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите, мерката целосно се избриша,
- ✓ Кофинансирање на проекти за развој и промоција на претприемништвото и занаетчиството како и програмски активности на мрежите на бизнис ангели (пристигнати се 19 апликации/проекти, кофинансирани се 18 со средства во износ од 26.594.254 денари),

Во 2024 година во реализирани се следните мерки од Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на малите и средни претпријатија за 2024 година:

- ✓ Финансиска поддршка за микро, мали и средни претпријатија ( поддржани се 189 претпријатија во вкупен износ од 56.895.914 денари ),
- ✓ Субвенционирање на трошоци на занаетчии (поддржани се 37 занаетчии и вршители на занаетчиска дејност во вкупен износ 5.694.502 денари),
- ✓ Финансиска поддршка за женско претприемништво за отварање на нов канал на онлине продажба ( Не е објавен Јавен повик),
- ✓ Надоместување на дел од трошоците на микро, мали и средни претпријатија за сертификација на системи за квалитет според ИСО стандарди (поддржани се 9 претпријатија во вкупен износ од 537.337 денари),
- ✓ Надоместување на дел од трошоците на микро, мали и средни претпријатија за сертификација на ХАЛАЛ систем (поддржани се 5 претпријатија во вкупен износ од 445.260 денари ),
- ✓ Кофинансирање на проекти за развој и промоција на претприемништвото и занаетчиството, како и програмски активности на мрежите на бизнис ангели (кофинансирани се вкупно 26 проекти во вкупен износ од 6.132.240 денари ).

- ✓ Кофинансирање на дел од трошоците за едукација на лица до 29 години вработени во микро, мали и средни претпријатија ( Не е објавен Јавен повик).

Подготвена е Стратегија за МСП 2025-2030 со консултантска помош од ДЕУ.
Изготвен е Предлог – Закон за поттикнување на индивидуални инвеститори – бизнис ангели.

**Развој и подобрување на конкурентноста на македонската индустрија и инвестициона политика и општествена одговорност**:

- ✓ Усвоен стратешки документ Стратегија за промоција на извозот на Репулика северна Македонија 2024-2027 со Акциски план, со цел за подигање на извозната спремност и активна извозна промоција
- ✓ Активно учество во развивање на Стратегија за паметна специјализација, како основа за креирање економија базирана на знаење, поголема соработка академија и бизнис за истражување и иновации, нови пазарни можности
- ✓ Реализирана Програма за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија за 2023;
- ✓ Нов Предлог закон за измени и дополнувања на Законот за индустриски и зелени зони (работна верзија),
- ✓ Имплементација на Законот за градежните производи,
- ✓ Континуирана комуникација со ЕК преку учество во подготовката на НПАА Поглавје 20 – Претпријатија и индустриска политика, учество на Подкомитетот за трговија, царина и индустрија, континуирано следење на новите комуникации со ЕУ (ИПА проекти, учество во изработка на стратегија за паметна специјализација и др.),
- ✓ Континуирана комуникација со бизнис секторот,
- ✓ Континуирана административна поддршка за реализација на инвестициите во ТИРЗ Тетово (јавно-приватно партнерство).

**Развој на угостителството во Република Северна Македонија**

- ✓ Меѓународна и билатерална соработка во угостителството
- ✓ Субвенции за угостителски објекти
- ✓ Континирано подржшка за рурален, активен и дигитализација на угостителски објекти

## 2. КРЕИРАЊЕ ЕДИНСТВЕН ВНАТРЕШЕН ПАЗАР

- ✓ Успешно подготвен и реализиран скрининг за Поглавје 28: Потрошувачи и јавно здравје и Поглавје 01: Слободно движење на стоки.
- ✓ Согласно Закон за заштита на потрошувачите ( Сл. Весник на РСМ бр. 236/22) донесени се следните акти:
- ✓ Реализирана Програма за заштита на потрошувачите за 2024 година ( Сл. Весник на РСМ бр. 32/24);
- ✓ Усвоена Програма за заштита на потрошувачите за 2024 година( Сл. Весник на РСМ бр. 32/24);

- ✓ Правилник за формата и содржината на барањето за овластување на тело за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите (Сл. Весник на РСМ бр.4/24 );
- ✓ Правилник за Листа на стоки за кои не е потребно означување на единечната цена и листа на непрехрамбени стоки или нивни категории на кои што трговецот е должен да ја означи единечната цена (Сл. Весник на РСМ бр.5/24);
- ✓ Издадено едно решение за овластување на тело за заштита на колективни интереси и права на потрошувачите.
- ✓ Согласно Закон за општа безбедносат на производите донесени се следните акти:
- ✓ Правилник за начинот за известување, како и начинот, критериумите и методите за проценката на ризикот од страна на производителите и дистибутерите и формата и содржината на образецот за известувањето за опасни производи пласирани на пазарот од страна на производителите и дистрибутерите (Сл. Весник на РСМ бр.219/23 година).

## 3. РАЗВИВАЊЕ ЕФЕКТИВНА ВНАТРЕШНА ТРГОВСКА ПОЛИТИКА

- ✓ Донесен Закон за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи (*) (Службен весник на РСМ, бр. 66 од 20.3.2024 година)
- ✓ Донесена Листа на земјоделски и прехранбени производи врз основа на која се утврдуваат нефер трговските практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи ( Службен весник бр. 109 од 27.05.2024 година)
- ✓ донесена Одлука за забрана на продажба на одделни нафтени деривати (Службен весник на Република Северна Македонија, , број 84, на 12.04.2024 ).
- ✓ Донесена Одлука за утврдување на листата на стоки и технологии со двојна употреба (*) (Службен весник на Република Северна Македонија,, број 81, на 09.04.2024).
- ✓ донесена Одлука за утврдување на листата на стоки и технологии со двојна употреба (*) (Службен весник на Република Северна Македонија,, број 121 на 13.06.2023).
- ✓ Имплементација на Законот за трговија
- ✓ Имплементација на Законот за тутун и тутунски производи
- ✓ Имплементација на Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба
- ✓ Имплементација на Законот за услуги
- ✓ донесена Одлука за определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на мало („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.44/23)
- ✓ донесена Одлука заопределување обврска на трговците да прибавуваат и продаваат определени видови и количества на одделни стоки на потрошувачите според определен редослед („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.46/23)

- ✓ донесена Одлука за определување највисоки цени за одделни производи во трговијата на мало („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.52/23).
- ✓ донесена Одлука за определување највисоки цени за одделни производи во трговијата на мало („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.52/23).
- ✓ донесена Одлука за определување највисоки цени за одделни производи во трговијата на мало и обврска на трговците да прибавуваат и продаваат определени видови и количества на одделни стоки на потрошувачите според определен редослед („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.63/23)
- ✓ донесена Одлука за определување највисоки цени за одделни производи во трговијата на мало („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.70/23)
- ✓ донесена Одлука за определување обврска на трговците да прибавуваат и продаваат определени видови и количества на одделни стоки на потрошувачите според определен редослед („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.74/23 и 92/23)
- ✓ донесена Одлука за определување највисоки цени за одделни производи во трговијата на мало („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.71/23, 78/23 и 92/23)
- ✓ донесена Одлука за посебни услови за трговијата на одделни стоки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.135/22, 137/22, 206/22, 217/22, 283/22 и 91/23)
- ✓ донесена Одлука за забрана на трговците да вршат трговија со одделна стока („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.192/23, 196/23 и 227/23).
- ✓ донесена Одлука за определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на големо и трговијата на мало („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.203/23 и 237/23).
- ✓ донесена Одлука за посебни услови за трговијата на одделни стоки, со која се  определува највисоката трговска (профитна) маржа како посебен услов во трговијата на  свежо овошје и свеж зеленчук („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.203/23)
- ✓ донесена Одлука за посебни услови за трговија на одделни стоки, определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на мало, како и обврска на трговците да прибавуваат и продаваат определени видови и количества на одделни стоки на потрошувачите според определен редослед („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.195/23, 202/23 и 203/23) и
- ✓ донесена Одлука за забрана на продажба на одделни нафтени деривати (Службен весник на Република Северна Македонија, , број 84/2023 ).

## 4.ПАЗАР НА ТРУДОТ

Реализирани активности во првата половина од 2024 година:

- ✓ Имплементација на мерки за вработување од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2024 година. Објавени се огласи за најголем дел од мерките за вработување и во тек е нивна имплементација.
- ✓ Се продолжи со имплементација на Планот за Гаранција за млади 2023-2026 година. Исто така, во извештајниот период се продолжи со имплементација на Планот за имплементација на Гаранција за млади (ГМ) за период 2023-2026 година. Во текот на 2024 година низ целата земја, односно во извештајниот период беа вклучени вкупно 12.255 лица (6.024 жени), од кои 3.568 се вработени и 788 лица беа вклучени во некои од активните мерки за вработување кои не водат кон директно вработување, но ја зголемуваат нивната вработливост. Според податоците и резултатите, успешноста на Гаранцијата за млади, во извештајниот период, изнесува 38,.9%, што ја надмина прогнозата од 30% успех за наведениот период.
- ✓ Во првата половина на 2024 година се направи ажурирање со нови податоци на постојните 85 описи на занимања, а описот на 10 нови занимања се во процедура на подготовка.

**Планирани активности во втората половина од 2024 година:**

- ✓ Продолжување со имплементација и успешна реализација на мерки за вработување од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2024 година.
- ✓ Подготовка на нов Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2025 година.
- ✓ Продолжување со имплементација на Планот за Гаранција за млади 2023-2026 година.
- ✓ Усвојување на новиот Акциски план за вработување 2024-2027 година со извештај за реализација на активности 2021-2023 година.
- ✓ Подготвен опис на 10 нови занимања.

**Трудово право**

**Реализирани активности во првата половина од 2024 година:**

- ✓ Во март беше објавена висината на минимална плата за Република Македонија за 2024 година.

## ОСВРТ НА ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2025 ГОДИНА

### ПРОГРАМА 1: ПОДОБРУВАЊЕ НА ДЕЛОВНАТА КЛИМА И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА

**Поддршка и развој на мали и средни претпријатија:**

- Реализација на предвидените мерки од Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на малите и средни претпријатија за 2025 година,
- Изготвен Акциски план за Стратегијата за МСП 2025-2030
- Отпочнување со реализација на мерките и активностите предвидени во новата Стратегија за МСП 2025-2030, односно Акциски план.
- Усвоен Закон за поттикнување на индивидуални инвеститори – бизнис ангели.

**Развој и подобрување на конкурентноста на македонската индустрија и инвестициона политика:**

- Поддршка за подобрена конкурентност на бизнис секторот преку имплементација на мерки од индустриска стратгеија, извозна стратегија, стратгеијата за паметна пецијализација, патоказ за циркуларна економија
- Измена на законската регулатива согласно потребите за реорганизација и создавање подобра деловна и инвестициска клима и нови мерки за поддршка
- Реализирана Програма за 2024 и донесување на нова Програма за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија ;
- Имплементација на Новиот Предлог закон за измени и дополнувања на Законот за индустриски и зелени зони,
- Имплементација на Законот за градежните производи,
- Континуирана комуникација со ЕК преку учество во подготовката на НПАА Поглавје 20 – Претпријатија и индустриска политика, учество на Подкомитетот за трговија, царина и индустрија, континуирано следење на новите комуникации со ЕУ (ИПА проекти, учество во изработка на стратегија за паметна специјализација и др.),
- Континуирана комуникација со бизнис секторот,
- Континуирана административна поддршка за реализација на инвестициите во ТИРЗ Тетово (јавно-приватно партнерство).

**Поддршка и развој на угостителството:**

## ПРОГРАМА 2: КРЕИРАЊЕ ЕДИНСТВЕН ВНАТРЕШЕН ПАЗАР

## ПРОГРАМА 3: РАЗВИВАЊЕ ЕФЕКТИВНА ВНАТРЕШНА ТРГОВСКА ПОЛИТИКА

- Подготовка на предлог текстовите на Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија, Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба и Законот за контрола на надворешно трговскиот промет со необработени дијаманти, заради усогласување со Законот за организација и работа на органите на државната управа (Службен весник на РСМ, број 121, на 10.06.2024),
- Изменување на подзаконските акти според Законот за трговија, Закон за тутун, производи од тутун и сродни производи, заради усогласување со Законот за организација и работа на органите на државната управа (Службен весник на РСМ, број 121, на 10.06.2024),
- Изготвување и донесување Уредба за постапка за известување и оценка на усогласеност на сите овластувања и барања во предлог прописите поврзани со пристап до услугите и услужните дејности, со цел имплементација на обврска содржана во членот 35 од Законот за услуги,
- Усогласување на Законот за Е-Трговија со најновото законодавство на ЕУ во областа електронска трговија,
- Имплементација на Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи (*),
- Имплементација на Законот за трговија,
- Имплементација на Законот за Е- трговија,
- Имплементација на Законот за тутун и тутунски производи ,
- Имплементација на Законот за услуги,
- Координирање на Поглавје 3.03 – Право на основање и слобода на давање услуги,
- Координирање на Поглавје 3.06-Право на трговските друштва,

- Следење и анализа на движењето на прометот во трговијата на големо и во трговијата на мало, движењата, состојбите и појавите на пазарот на основните прехранбени производи, влијанието на мерките на економската политика врз движењата на пазарот и односите на пазарот, снабдувањето на пазарот со непрехранбени и прехранбени производи за широка потрошувачка, како и следење и анализа на движењето на цените на пазарот и предлагање мерки за системски и други решенија,

## ПРОГРАМА 5: ПАЗАР НА ТРУДОТ

- Ќе продолжат консултациите со засегнатите страни во однос на финализирање на текстот на новиот Закон за работните односи.
- Ќе продолжат и активностите за подготовка на текстот на новиот Закон за безбедност здравје при работа.
- Ќе се донесе Закон за поедноставено работно ангажирање на работници за сезонска, привремена и повремена работа во одделни дејности.
- Во временската рамка ќе се имплементират годишни оперативни планови за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот
- Ќе се усвои и имплементира Акциски план за вработување 2025-2027 година.

# П Р О Г Р А М И

Министерството за економија и труд во периодот 2025-2027 ќе ги реализира следниве вертикални и хоризонтални програми и потпрограми со мерки и активности кои се во функција на остварување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија и приоритетите и целите на Министерството за економија и труд.

Во Стратешкиот план за работа на Министерството за економија и труд креирани се следниве стратешки програми:

## I. П О Д О Б Р У В А Њ Е Н А Д Е Л О В Н А Т А К Л И М А И З Г О Л Е М У В А Њ Е Н А К О Н КУРЕНТНОСТА

- ❖ Поддршка и развој на мали и средни претпријатија
- ❖ Развој и подобрување на конкурентноста на македонската индустрија и инвестициска политика
- ❖ Поддршка и развој на угосттителтвото

## II. К Р Е И Р А Њ Е Е Д И Н С Т В Е Н В Н А Т Р Е Ш Е Н П А ЗА Р

- ❖ Заштита на потрошувачи и безбедност на производите
- ❖ Безбедност на возила

## III. РАЗВИВАЊЕ ЕФЕКТИВНА ВНАТРЕШНА ТРГОВСКА ПОЛИТИКА

- ❖ Внатрешна трговска политика
- ❖ Спроведување на трговскиот режим

## IV. ПАЗАР НА ТРУДОТ

# П Л А Н О В И З А С П Р О В Е Д У В А Њ Е Н А П Р О Г Р А М И Т Е

| А: ОПРАВДАНОСТ И ДИЗАЈН НА ПРОГРАМА 1 |
|---|
| **Образложение:** ПРОГРАМА 1 ПОДОБРУВАЊЕ НА ДЕЛОВНАТА КЛИМА И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА произлегува од:<br>1.Стратешкиот приоритет на Владата на РСМ содржан во **Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на Стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024 - 2028 година**:<br>-економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого,<br>**Приоритетна цел**: зајакнување на конкурентност и поддршка на преработувачката индустрија во интернационализација, иновации, зелена и дигитална трансформација, поддршка и развој на одржливи и конкурентни микро, мали и средни компании, унапредување на занаетчиството, целосно искористување на претприменичкиот дух и знаење на домашните човечки ресурси, унапредување на напредокот на компаниите нивната конкурентност на пазарот и дигитализација на бизнисите, унапредување и олеснување на инвестициската клима и интернационализација на бизнисите, вложување во зелена економија и креирање на зелени работни места,поддршка на економијата преку зголемување на вложувањата во истражување, развој и иновации, развој на угостителството. |
| 1. **НПАА :** Поглавје 20-Претпријатија и индустриска политика<br>Поглавје 20; Сектор: Туризам и угостителство; Тема: Туризмот како дел од индустриската политика |
| 2. **Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа**:<br>**Поволно деловно окружување:**<br>Поддршка на домашните претпријатија, пред сè на микро, малите и средните претпријатија, отворање на нови работни места и зголемување на нивото на платите во економијата,<br>Поддршка на домашните претпријатија, пред сè на микро малите и средните претпријатија, отворање на нови работни места со активни мерки за вработување и зголемување на нивото на платите во економијата,<br>Зголемување и подобрување на можноста за раст на мали и средни претпријатија (МСП),<br>Динамичен екосистем на претприемништво и иновации,<br>Конкурентни МСП како двигатели на инклузивниот економски раст,<br>Зајакнат меѓуинститиционален дијалог во функција на креирањето на политиките, мерките и активностите за индустриската |

| |
|---|
| политика,<br>Унапредување на капацитетот и конкурентноста на кластерите и нивните членки, нивно меѓународно поврзување, унапредување на знаењата базирани на високи технологии, истражување и развој, извозно ориентирани стратегии и модел базиран на индустријализација,<br>Зголемена конкурентност на македонската индустрија,<br>Зголемена поддршка на интернационализација на претпријатијата,<br>Поддршка на соработка наука и бизнис во насока на паметна специјализација,<br>Поддршка во создавање поволна клима за инвестиции,<br>Поддршка на инвестициите за зголемување на конкурентноста, на економијата и на вработувањата,<br>Поддршка во привлекување на странски и домашен капитал за развој на единиците на локалната самоуправа и за развој на нови технологии и нивна примена во националната економија ,<br>Унапредување на концептот и практиките за општествена одговорност.<br>**Развој на угостителството во Република Северна Македонија**<br>Зголемување на бројот на домашни и странски туристи, раст на приходите од туризмот, со крајна цел зголемено учество на туризмот во вкупниот БДП на земјата,<br>Унапредување на меѓународната и билатерална соработка во угостителството,<br>Поддршка на туристичките дестинации и угостителските објекти надвор од туристичка сезона,<br>Конкурентна бизнис клима за раст на бројот на мали и средни претпријатија и нови работни места од областа на угостителството,<br>Натамошен развој на активниот туризам како потенцијал за силен локален економски развој, |
| **Цел на Програмата:** Обезбедување на економски развој и раст на македонското стопанство, зголемување на вработеноста преку создавање поттикнувачка клима за отворање на нови и јакнење на постојните микро, мали и средни претпријатија, како и имплементација на интегрирана индустриска политика која води кон раст, развој и иновации , развој на концептот на општествена одговорност, унапредување на општествено одговорни практики , конкурентна бизнис клима за раст на бројот на мали и средни претпријатија и нови работни места од областа на угостителството. |
| **Показатели за успех на Програмата:** Бројот на поддржани на мали и средни претпријатија, бројот на изадедни сертификати за квалитет, бројот на поддржани субјекти од преработувачката индустрија, бројот на поддржани кластерски здруженија, зголемен број на домашни туристи. Бројот на поддржани претпријатија управувани од жени, на занаетчии, издадени сертификати за квалитет (Халал, ИСО), бројот на поддржани апликаци поднесеи од жени во секторот туризам и угостителство и др. |

<table>
<tr><td colspan="2">Усвојување на Стратегија за МСП<br>Број на поддржани фирми од преработувачка индустрија за интернационализација, заштита на интелектуална сопственост и дигитализација, број на поддржани фирми извозници, број на фирми кои соработуваат со факултетите, број на поддржани лаборатории за акредитација и реакредитација, број на апликации за воведување концепт на циркуларна економија, број на поддржани проекти за паметна специјализација, број на поддржани фирми за воведување стандарди за општествена одоговорност.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Програмата е: x <u>Хоризонтална</u> Вертикална</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потпрограми (компоненти) од Програмата: 3 Потпрограми</td></tr>
<tr><td>Потпрограма 1:<br>ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА</td><td>Показател за успешност:<br>Број на поддржани МСП<br>Број на поддржани занаетчии<br>Број на реализирани мерки и активности од Стратегијата за МСП 2025-2030<br>Број на поддржани организации за поддршка на МСП и на занаетчии (бизнис центри, бизнис инкубатори, занаетчиски комори, фондации и здруженија на граѓани, мрежи на бизнис ангели),</td></tr>
<tr><td>Потпрограма 2:<br>РАЗВОЈ И ПОДОБРУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА МАКЕДОНСКАТА ИНДУСТРИЈА, ИНВЕСТИЦИСКА ПОЛИТИКА</td><td>Показател за успешност:<br>Број на поддржани фирми од преработувачка индустрија<br>Број на поддржани фирми извозници<br>Број на поддржани лаборатории<br>Број на поддржани проекти за паметна специјализација<br>Број на поддржани фирми за воведување стандарди за општествена одоговорност</td></tr>
<tr><td>Потпрограма 3:<br>ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА УГОСТИТЕЛСТВОТО</td><td>Показател за успешност:<br>Зголемен број на домашни туристи,<br>Зголемувавање на стапката на вработеност во оваа стопанска гранка<br>Поддршка на туристичките дестинации(угостителите)надвор</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | од туристичка сезона<br>Зголемување на учеството во БДП |

| **Б: План за спроведување на програмата** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Потпрограма 1: ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА | | | | | | | | | | |
| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | | | | | |
| | | | **Почеток (месец/година)** | **Крај (месец/година)** | **Човечки** | | | **Финансиски (МКД)** | | |
